# Е-2 ПОСТАПКА ВО ПОШТЕНСКИОТ СООБРАЌАЈ

## Е- 2-1 ВОВЕД

**Е- 2-1-1** Со ова упатство се определува начинот на пријавувањето на стоките во поштенскиот сообраќај и нивното декларирање.

**Е- 2-1-2** ЈП Македонски пошти и Царинската управа на Република Македонија, при спроведувањето на постапките, во најолема можна мерка ќе ја користат заедничката поштенска база на податоци за пратките за кои е задолжителна царинска постапка. Определени податоци за тие праткисе пренесуваат во центарот за автоматска обработка на податоци при Царинската управа на Република Македонија и тоа на барање на царината и автоматски по завршувањето на царинската постапка за одделна пратка.

## Е- 2-2 ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ

Во ова Упатство следниве изрази го имаат следново значење:

**Е-2-2-1 ПОШТА**: ЈП Македонска пошта (во продолжение Пошта)

**Е-2-2-2 ИЗМЕНИЧНА ПОШТА**: Поштенски уред каде што пристигнуваат сите поштенски пратки од странство и од каде што се испраќаат сите поштенски пратки во странство.(Пошта Скопје)

**Е-2-2-3 ПОШТА ЗА ЦАРИНЕЊЕ**: Поштенски уред кој што ги спроведува формалностите за поштенските пратки пристигнати од странство и поштенските пратки кои се испраќаат во странство.

**Е-2-2-4 ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА ПОШТА**: Царински орган, надлежен за спроведување на царинската постапка врз пратки кои по пошта пристигнуваат од странство и кои по пошта се испраќаат во странство.

**Е-2-2-5 ПОШТЕНСКИ ЗАКЛУЧОК :** Еднократно отпремање на поштенските пратки во една или повеќе вреќи (подготовка на примените пратки за превоз од поштата во правецот на одредиштето според општиот ред на превоз).

**Е-2-2-6 ПРАТКИ ВО ПОШТЕНСКИОТ ПРОМЕТ СЕ:**

- писмоносни пратки
- поштенски пакети
- ЕМС пратки- брза пошта
- вредносни писма
- М вреќи (пратки кои содржат исклучиво книги и пишан материјал)
- други пратки во поштенскиот сообраќај.

## Е-2-3 ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ПРАТКИ ОД СТРАНСТВО ВО ИЗМЕНИЧНАТА ПОШТА И ПОШТАТА ЗА ЦАРИНЕЊЕ И НИВНО ПОДНЕСУВАЊЕ ДО ЦАРИНСКИОТ ОРГАН

**Е-2-3-1.** Поштата, поштенските пратки му ги пријавува на пограничниот царински орган врз основа на списоци за размена и тоа:

а) ЦН 37-за поштенски заклучоци кои се превезуваат по површински пат-патен сообраќај (прилог бр.1)

б) ЦН 38- за поштенски заклучоци кои се превезуваат по авионски пат (прилог бр.2)

в) ЦН 41- за површински заклучоци пренесени по авионски пат( неприоритетни пратки кои што во приемната пошта се примаат како пратки кои се превезуваат по површински пат, се превезуваат по авионски пат, меѓутоа во приемната пошта немаат приоритетен третман- прилог бр.3)

**Е-2-3-2.** Царинскиот орган на граница води евиденција во контролникот за транзит К1 со запишување на следниве податоци:

- сериски број на списокот за размена( податок даден во горниот десен агол)
- број на заклучок( рубрика 1)
- број на вреќи во заклучокот( рубрика 4.5.6 во зависност од видот на списокот на размена)
- бруто тежина( рубрики 6.7.8 во зависност од видот на списокот за размена)
- регистарски број на возилото
- број на пломба.

Царинскиот работник на граница врши заверка на списокот на размена во 3 (три) примероци со број од контролникот, датум и печат и два оверени примероци ги праќа заедно со заклучокот во изменичната пошта, а еден примерок задржува во својата евиденција.

**Е-2-3-3.** Царинскиот орган во изменичната пошта врши евидентирање на пристигнатите списоци за размена во контролникот К2 и еден примерок оверен и го враќа на граничната царинска испостава со што го потврдува приемот на стоките.

**Е-2- 3-4.** Изменичната пошта ги превзема поштенските пратки од странство и зависно од природата и податоците од документите приложени кон пратката, односно од царинските декларации ЦН 22 и ЦН 23, ги распоредува на :

-пратки кои што се ослободени од обврската на поднесување на царинскиот орган, согласно чл.144 ст.1 точка А подточка а и б од УСЦЗ,

-пратки за кои се спроведува транзитна постапка, согласно чл.310 од УСЦЗ и

-останати пратки

**Распоредувањето на пратките се врши под царински надзор.**

**Е-2-3-4-1. Пратки кои што се ослободени од обврска за поднесување(чл.144 ст.1 т.А од УСЦЗ)**

Во групата пратки кои што се ослободени од обврската за поднесување, спаѓаат:

- поштенски картички и писма кои содржат само лични пораки,
- писма пишувани со Браилово писмо,
- печатен материјал кој не подлежи на плаќање на увозни давачки и
- сите други пратки кои се испраќаат со писмо или со поштенски пакетод незначителна вредност, со вкупна вредност до 40 ЕУР, во денерска противвредност, под услов да не постои обврска за плаќање на увозни давачки, а кои содржат ситни подароци, рекламен материјал,ситни мостри и слично, освен пратките кои содржат:
  - -алкохол и пијалоци што содржат алкохол
  - -парфеми и тоалетни води
  - -тутун и производи од тутун.

За поштенските пратки од оваа точка, врз основа на точка 1 од став 1 од членот 144 од УСЦЗ, се смета дека се декларирани за пуштање во слободен промет во моментот на внесување во царинското подрачје на РМ. Согласно со став 3 од член 144 од УСЦЗ се смета дека стоките им биле поднесени на царинските органи, царинската декларација примена и дека пуштањето на стоките во слободен промет му е одобрено на декларантот,кога стоките ќе му се достават на примачот.

**Овие пратки можат да се одделат уште во изменичната пошта и да се пуштат во слободен промет без царински формалности.**

**Е-2-3-4-2. Пратки за кои се спроведува транзитна постапка (чл.310 од УСЦЗ)**

За овие пратки се сочинува список за размена ЦН 37 кој царинскиот орган во изменичната пошта го евидентира во контролникот К1 на начин опишан во точката Е-2-3-2. На пратките се лепи налепницата од прилог 43 од УСЦЗ.

**Е-2-3-4-3. Останати пратки**

Поштата, останатите пратки ги евидентира во поштенско царинска пријава (прилог 4 ), и веднаш и ја доставува на царинската испостава Пошта. За овие пратки царинската постапка се спроведува веднаш, со вообичаената постапка на царинење и согласно со ова Упатство, при што приоритет се дава на ЕМС пратките и пратките кои што содржат живи животни, лекови, серуми и слично.

Доколку одделни пратки содржат стоки за кои се пропишани посебни режими (мерки на трговска политика) за увоз, поштата за царинење е должна да го извести надлежниот инспекциски орган, кој ќе ја прегледа пратката пред да почне постапката за царинење.

Доколку при прегледот се утврди дека содржината на пратката е оштетена, расипана или на друг начин станала неупотреблива,тогаш поштата за царинење сочинува записник на образец ЦН 24 за пакети и П63 за писмоносни пратки. Записникот се сочинува во три примероци,а го потпишуваат поштенскиот и царинскиот службеник. Еден примерок од записникот се прикачува на поштенско царинската пријава, а со стоката се постапува во согласност со членот 191 од Царинскиот Закон.

**Е-2-3-5.** Поштата за царинење изготвува известување за пристигната пратка до примачот, доколку истиот треба да достави дополнителни докази и објаснувања за пратката или треба да поднесе писмена декларација. Известувањето се прави на образец даден во прилог 5 на ова Упатство. Тоа може да биде во писмена форма, по факс или по електронски пат.

**Е-2-3-6**. Пратките кои што во Изменичната пошта биле одделени за царинење, заради непотполни податоци во царинските декларации ЦН 22 или ЦН 23, по извршениот преглед на содржината и даденото појаснување од примачот, доколку ги исполнуваат пропишаните услови, може да бидат пуштени во слободен промет со наведување на правниот основ за царинско ослободување, или да бидат пуштени во слободен промет со наплата на единствена увозна давачка и данок (чл.132 од УСЦЗ), на образецот даден во прилог 23 од УСЦЗ .

**Е-2-3-7**. **Пратки кои што не можат да се достават**

**Е-2-3-7-1.** Со пратките кои што не можат да се достават на примачот , а од кои испраќачот ќе се откаже, царинскиот орган постапува во согласност со членовите 85 и 87 од Царинскиот Закон.
**Е-2-3-7-2.** Ако испраќачот не се откажал од пратката, а за неа во рок од 30 дена не почнала царинска постапка, Поштата за царинење преку изменичната пошта ќе ја врати во странство.
**Е-2-3-7-3.** Ако по спроведување на царинската постапка, не е можно пратката да му биде предадена на примачот, адресната пошта ќе ја врати на поштата за царинење, каде што царинскиот орган ќе изврши повторна контрола. Ако при повторната контрола се утврди дека нејзината содржина не е променета, преку изменичната пошта ќе се врати во странство.
**Е-2-3-7-4.** Враќањето на неиспорачани пратки на примачот се врши на образецот даден во прилог 6 (Контролник К40) од ова Упатство, а на претходно поднесено барање и список на пратки од страна на Поштата.

**Е-2-3-8. Приговор во врска со царинската постапка**

Ако примачот на пратката поднесе приговор во писмена форма во врска со царинската постапка пред да ја прими пратката, Поштата за царинење, пратката

не ја евидентира во поштенско царинска пријава, туку вратената пратка заедно со приговорот, царинската декларација и останатите документи ги доставува на повторна царинска контрола.царинскиот орган ја проверува регуларноста на постапката и донесува соодветен заклучок, со забелешка на самиот приговор.

## Е-2-4. ПОСТАПКА ПРИ ИЗВОЗ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ

**Е-2-4-1.** Во согласност со чл.144 ст.1 точка Б од УСЦЗ, поштенските пратки се сметаат за декларирани за извоз кај царинскиот орган:

- во моментот кога тие се прифатени од поштенските служби, за пратки кои се испраќаат со писмо или пакет,а кои не подлежат на извозни давачки. Овие пратки можат веднаш да се испратат во изменичната пошта каде што царинскиот орган ќе изврши контрола;
- во моментот кога се ставаат на увид кај царинските органи за пратки кои подлежат на извозни давачки, под услов да се пропратени со царинска декларација ЦН 22 И ЦН 23.

**Е-2-4-2.** Во случаите од точка Е-2-4-1 како декларант и царински должник се смета испраќачот. Во определени случаи царинскиот орган може да одлучи поштенските служби да се сметаат и за декларант и за должник.

**Е-2-4-3.** Пратките кои се декларирани за извоз, поштата за царинење му ги поднесува на царинскиот орган заради контрола. Доколку при контролата се утврди дека пратката содржи стоки чиј извоз е забранет, поштата за царинење по налог на царинскиот орган ќе и ја врати пратката на приемната пошта заради враќање на испраќачот, или ако со посебни прописи тоа е поинаку утврдено, на надлежен орган. По извршената контрола царинските декларации ЦН 23 се евидентираат во контролникот за извоз К 41 за пратки од физички лица или во постоечките контролници зависно од природата на извозната постапка.

**Е-2-4-4.** Изменичната пошта за извозните заклучоци сочинува список за размена ЦН37, ЦН 38 или ЦН 41. царинскиот службеник по извршената контрола, ги запишува податоците од списокот за размена во контролникот К1 на идентичен начин како што е опишано во точката Е-2-3-2, го заверува списокот во 3 примероци од кои еден примерок задржува во својата евиденција,а два примероци заедно со стоката ги испраќа на пограничниот царински орган заедно со стоката. Пограничниот царински орган е должен еден заверен примерок од списокот за размена да го врати на царинскиот орган во изменичната пошта, со што се смета дека транзитот е потврден.

**Прилози:**

**1.** Образец за список за размена ЦН 37
**2.** Образец за список на размена ЦН 38
**3.** Образец за список за размена ЦН 41
**3.** Образец за поштенско царинска пријава
**5.** Образец за известување за пристигната пратка
**6.** Образец за поштенско царинска проследница